

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА ДУХОВНО ПОЛЕ НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Методи Гогов (архиепискот Михаил) бил меѓу првите мисионери во Австралија. Бил испратен во 1966 година, а се вратил при крајот на 1970 година. По неговото враќање бил назначен за ректор на Македонската православна богословија „Св. Климент Охридски“ во Скопје, каде предавал англиски јазик, омилитикам и пастирско богословие.

Покрај англискиот зборувал француски, руски и се служел со повеќе живи класични јазици. Харизматичниот дедо Михаил ќе остане запаметен како неповторлив професор по омилитика (црковно ораторство).

Од 1972 година бил генерален секретар на Македонската архиепископија, а за архиреј бил хиротонисан на 25. 12. 1988 година. Неговото Блажество Г.Г. Михаил е познат е по

тоа што несакал да ги чита своите богослужбени слова, но е запаметат по неговото ораторство со кое ги надминуваше сите архиереји. Како образован и начитан човек умеел со своите беседи да проникне во душата на македонскиот народ, а заедно со нив доживеа да ужива во плодовите на независноста на Република Македонија.

Методи Гогов (архиепискот Михаил) како епархиски архиереј, Митрополит повардарски, со божја волја бил избран за поглавар на македонската православна црква на 4.12.1993 година. Архиепископот Михаил доаѓа на чело на МПЦ две години по осамостојувањето на Македонија која како држава требаше да докаже дека овој народ има своја државотворност, своја историја и своја црква.

Како божји гласноговорник, моќен оратор и беседник, кој се залагаше за автокефална Македонска православна црква, македонскиот православен народ во него гледаше со надеж и полна доверба дека во спорот со СПЦ нема да ја премине црвената линија на достоинството на Македонската православна црква.

Овој мудар белобрад старец, како што го нарекуваа во Црквата, беше единствениот духовник на кого му е понудено местото на претседател на државата. На почетокот на деведесетите години дедото Михаил требаше да биде еден вид македонски Макариос, претседател во мантија, но тој се откажа од овој предизвик несакајќи да ја замени црковната со државничка позиција,

Методи Гогов (архиепискот Михаил) бил ревносен богослужител, пријатен соговорник и внимателен кон секого. Работеше на градење на единството и угледот на МПЦ, дома и во светот. Свесен дека без сплотеноста на неговите браќа архиереи – митрополити на МПЦ, нема растеж на Црквата, го возобнови работењето на Синодот на МПЦ.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**